ИЗЛОЖБИ

# Сугестивна топлина и знаковност

Tweet
Like 0 Share

8 декември 2008 - 17:27

Кон изложбата на Борислав Траиковски (1917-1996) "Без почеток и крај" во Културно-информативниот центар во Скопје



Изложбата со горниот наслов има ретроспективен карактер и содржи неизложени цртежи од крајот на четириесеттите години (графики од 1965 година и платна во најголем број датирани во седумдесеттите и осумдесеттите години на 20 век. Траиковски, кој во почетокот на педесеттите години завршил Академија за ликовни уметности во Белград (Љ.Сокиќ и други) ќе негува експресионистички сликарски приод што ќе го привлече вниманието на релевантната југословенска критика. Неговиот стил базиран на искуствата на Парискара школа доаѓа до израз токму во тие пресвртни години на шестата деценија од значење за современата македонска уметност. Цртежите се верификација за едно мајсторство во обликувањето на актови и портрети давајќи им ефекти на суптилна пластичност. Во монолитографиите и литографиите на синтетичен и експресивен начин се претставени разновидни визуелни мотиви, некој карактеристичен предмет или типизиран лик, инсекти и знаковни композиции.

Траиковски слика нагласено упростени форми што се конструирани, не со цртеж, туку со боја положена во широки потези. Во бојата тој ја барал субјективната вистина применета на еден затворен систем на колористички површини и знаци. Всушност, рудиментарните и сведени форми овозможуваат бојата да добие речиси свој автономен живот оддавајќи густи тонски созвучја и смели колористички акорди. Неговите слики се без линеарна прецизност, но имаат добра компонираност на елементите.

Траиковски сакал да направи добра слика базирана на јасни форми и топол колорит со кој постигнува хармонија на целината. Неговата сликарска материја е богата со длабок придушен звук, употребувајќи лак за да добие воедначеност и сјај на материјата. Во фигуративното сликарство на предели и фигури тој е умерен или питом експресионист надвор од литерарните асоцијации или пак религиозните и моралните преокупации на Жорж Руо. Синтетизираните форми се опфатени со црна контурна линија што потсетува на рамки на обоеното стакло својствено на францускиот сликар.

На изложбата преовладуваат слики со апстрактни рамни форми во кои е содржан препознатливиот сензибилитет на сликарската материја и далечните асоцијации на мотиви од националиот амбиент и традицијата. Самиот уметник резигнирано забележал: "Мојата горчина е внатре, во сликите, во таа црна линија, во таа силна контура".

Техниката и сензибилитетот на Траиковски е сроден со оној на Личеноски, меѓутоа според некои мотиви на инсекти го најавува сликарството на Чемерски. Архаизмот и робусниот сензбилитет во делата на Траиковски има посебни белези. Според доследноста, внатрешната кохезивност и сочуваното вредносно рамниште делото на Траиковски се вбројува меѓу најзначајните уметници формирани во педесеттите години. Својот ангажман тој го оствари и како член на битолската група ВДИСТ (1955) која даде активен придонес во процесите на осовременување на македонската ликовна уметност.

***Владимир Величковски***



Like Share Be the first of your friends to like this.

# Поврзани



[Десет познати филмови кои ги преминале сите граници]



[Подгответе сосови кои се готови за 3 минути]